# АГРОПЛОД
# АД - Ресен

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2007, со извештај на независниот ревизор

**Б и Љ, Боро и Љупчо д.о.о. - Скопје**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за годината завршена на 31 декември 2007, со извештај на независниот ревизор

## СОДРЖИНА


| | <u>Страна</u> |
|---|---|
| **ИЗВЕШТАЈ НА РЕВИЗОРИТЕ** | **3 - 4** |
| **БИЛАНС НА УСПЕХ** | **5** |
| **БИЛАНС НА СОСТОЈБА** | **6** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК** | **7** |
| **ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА ГЛАВНИНАТА** | **8** |
| **БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** | **9 - 22** |

**Б и Љ,**
**Боро и Љупчо**
**д.о.о. - Скопје**

Ревизија, Проценка и Финансиски
Консалтинг

Дрезденска бр 52
1000 Скопје
Македонија

Тел: + 389 (02) 3066-604
Факс:+ 389 (02) 3061-185

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерите на АГРОПЛОД АД - Ресен**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АГРОПЛОД АД Ресен што ги вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31 декември 2007 година, како и билансот на успех, извештајот за промени во главнината и извештајот за парични текови за годината што заврши тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на АГРОПЛОД АД Ресен е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на АГРОПЛОД АД Ресен заклучно со 31 декември 2007 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Скопје, 30 март 2008 година

Овластен ревизор

Атанасовски Борислав

Ревизија, проценка и
финансиски консалтинг
Б и Љ, Боро и Љупчо
д.о.о - Скопје

**АГРОПЛОД АД Ресен**

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|---|
| **Приходи од продажба** | **4** | **145.865** | **360.703** |
| Останати оперативни приходи | 5 | 48.681 | 29.996 |
| Промена во залихите на готови производи и производството во тек | | -11.224 | -20.117 |
| Употребени суровини и помошни материјали | 6 | -160 | -81.603 |
| Трошоци за вработените | | -12.043 | -75.851 |
| Амортизација | | -19.570 | -24.555 |
| Набавна вредност на трговски стоки | | -129.352 | -182.350 |
| Останати оперативни расходи | 7 | -18.316 | -65.743 |
| **Загуба од редовно работење** | | **3.881** | **-59.520** |
| Финансиски приходи | 8 | 400 | 4.293 |
| Финансиски расходи | 9 | -7.271 | -5.939 |
| **Загуба** | | **-2.990** | **-61.166** |
| Данок од добивка | | | |
| **Нето загуба** | | **-2.990** | **-61.166** |
| Вонредни ставки | | | |
| **Нето загуба** | | **-2.990** | **-61.166** |

Извршен директор

Васко Спировски

**Белешките содржани од страна 9 до 22 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**АГРОПЛОД АД Ресен**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 10 | 296.932 | 330.866 |
| Нематеријални средства | | 801 | 902 |
| Долгорочни вложувања | 11 | 152.967 | 140.659 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | **450.700** | **472.427** |
| Залихи | 12 | 2.655 | 13.951 |
| АВР | | 407 | 727 |
| Останати краткорочни побарувања | 13 | 15.011 | 4.030 |
| Краткорочни финансиски вложувања | | 246 | 279 |
| Побарувања од купувачи | 14 | 49.440 | 70.831 |
| Побарувања за дадени аванси | 15 | 1.207 | 773 |
| Парични срердства и хартии од вредност | 16 | 203 | 1.605 |
| **Вкупно тековни средства** | | **69.169** | **92.196** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **519.869** | **564.623** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 882.963 | 882.963 |
| Ревалоризациони корекции | | -324.370 | -316.943 |
| Резерва за објективна вредност | | -937 | |
| Нераспределена добивка/загуба | | -170.934 | -167.784 |
| **Траен капитал** | | **386.722** | **398.236** |
| **Обврски по долгорочни кредити** | **21** | **8.372** | **9.076** |
| Обврски спрема добавувачи | 17 | 75.207 | 99.003 |
| Оврски за примени аванси во земјата | 18 | 732 | 1.172 |
| Обврски по краткорочни кредити | 19 | 46.205 | 51.115 |
| Останати краткорочни обврски | 20 | 1.950 | 5.624 |
| ПВР | | 681 | 397 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **124.775** | **157.311** |
| **ВКУПНА ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **519.869** | **564.623** |

Извршен директор

Васко Спировски

**Белешките содржани од страна 9 до 22 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## АГРОПЛОД АД Ресен

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **А. Паричен тек од деловни активности** | | |
| Нето загуба/добивка | -2.990 | -61.166 |
| Корегирано за: | | |
| Амортизација | 19.586 | 24.662 |
| Побарувања од купувачи | 21.391 | 29.135 |
| Побарувања за аванси | -434 | 192 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 33 | 1 |
| Останати побарувања | -10.981 | 3.816 |
| АВР | 320 | 580 |
| Залихи | 11.296 | 72.849 |
| Обврски спрема добавувачи | -23.796 | -8.314 |
| Обврски за аванси | -440 | -2.521 |
| Останати краткорочни обврски | -3.674 | 2.895 |
| ПВР | 284 | -22 |
| **Нето текови од деловни активности** | **10.595** | **62.107** |
| **Б. Парични текови од инвесициони активности** | | |
| Нематеријални права | 101 | |
| Набавки на основни средства | -9.527 | -10.148 |
| Вложување на основни средства во друштва | 21.610 | 166.226 |
| Проценка на основни средства | | 230.376 |
| Расходувани основни средства | 3.202 | 451 |
| Долгорочни вложувања | -13.245 | -131.807 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **2.141** | **255.098** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Обврски по краткорочни кредити | -4.910 | -3.870 |
| Обврски по долгорочни кредити | -704 | -485 |
| Корекција на загубата за корекција на приходи | | 2.457 |
| Намалувања на капиталот за влогови | -7.427 | -38.014 |
| Проценка на основни средства побарувања и залихи | | -278.929 |
| Објективна вреност на вложувањата | -937 | |
| Останато | -160 | 425 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-14.138** | **-318.416** |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-1.402** | **-1.211** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **1.605** | **2.816** |
| **Парични средсва на крајот на годината** | **203** | **1.605** |

**Белешките содржани од страна 9 до 22 се составен**

дел на овие финансиски извештаи

## АГРОПЛОД АД Ресен

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА ГЛАВНИНАТА

| во илјади денари | Акционерски капитал | Ревалоризац. корекции | Резерва за објективна вредност | Нераспр. добивка/загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.01.2007 година** | **882.963** | **-316.943** | | **-167.784** | **398.236** |
| Вложени средства во Аграр | | 2.618 | | | **2.618** |
| Вложени средства во | | | | | **0** |
| Преспатурист | | -10.045 | | | **-10.045** |
| Приходи од минати години | | | | | **0** |
| Обј. вредост за вложувања | | | -937 | | **-937** |
| Загуба 2007 година | | | | -2.990 | **-2.990** |
| Останато | | | | -160 | **-160** |
| **Состојба 31.12.2007** | **882.963** | **-324.370** | **-937** | **-170.934** | **386.722** |

| во илјади денари | Акционерски капитал | Ревалоризац. корекции | Нераспр. добивка/загуба | Резерви | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.01.2006 година** | **883.071** | | **-109.642** | **31** | **773.460** |
| Проценка на средств. вложени | | | | | |
| во Свислион-Агроплод | | -38.014 | | | **-38.014** |
| Проценка на средствата | | -278.929 | | | **-278.929** |
| Приходи од минати години | | | 2.457 | | **2.457** |
| Покривање на загуба | | | 31 | -31 | **0** |
| Загуба 2006 година | | | -61.166 | | **-61.166** |
| Останато | -108 | | 536 | | **428** |
| **Состојба 31.12.2006** | **882.963** | **-316.943** | **-167.784** | **0** | **398.236** |

**Белешките содржани од страна 9 до 22 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**АГРОПЛОД АД Ресен**

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1. ОПШТО

Друштвото за производство, преработка и промет, увоз - извоз АГРОПЛОД АД - Ресен основано е и работи во Република Македонија. Основни дејности на Друштвото се:

- Производство на мелнички производи;
- Производство на скроб и производи од скроб;
- Производство на кекси;
- Производство на какао, чоколади, бонбони и кондиторски производи;
- Производство, обработка и конзервирање на живинско месо;
- Преработка на чај и кафе;
- Одгледување на овоошни и лозови насади;
- Одгледување на живина;

Акционерската главнина на Друштвото ја сочинуваат 21.025 акции. Номиналната вредност на една акција изнесува 511,3 ЕВРА.

Вкупниот број на вработени во Друштвото изнесува 25 вработени.

Седиштето на Друштвото е во Ресен на улица "29 Ноември" бр 6.

## 2. ОСНОВИ ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### *а) Основ за составување на финансиските извештаи*

Финансиските извештаи, дадени на страниците 5 заклучно со страница 22, се составени во согласност со барањата на македонските закони.

Согласно одредбите на член 469 од Законот за Трговски Друштва, на 30 Декември 2004 година (Сл.Весник 94/2004) беа објавени Меѓународните Сметководствени Стандарди (МСС) во Правилникот за сметководство кои се применливи од 1 Јануари 2005 година. Во Сл. Весник на РМ бр.11/2005 беа објавени Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување 1 (МСФИ) и Толкувањата на Постојниот Комитет за толкување (ПКТ) и во Сл. Весник на РМ бр.116/2005 беа објавени МСФИ број 2,3,4,5,6 и 7 како дополнение на Правилникот.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31.Декември 2007 и 2006.

Тековните и споредбенит податоци во финансиските извештаи се прикажани во илјади денари(Ден.000). Онаму каде што е потребно, споредбените

податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршената презентација во тековната година.



***б) Основни сметководствени методи***

Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност, освен за недвижностите, постројките и опремата и нивната амортизација, кај кои во претходните години се извршени корекции врз основа на принципот на ревалоризација со примена на унифицирани коефициенти на пораст на цените на производителите на индустриски производи, кои ги објавува Државниот завод за статистика на Република Македонија ( Белешка 3.2).

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финаисиските извештаи за 2007 година се прикажани во понатамошниот текст.

### *3.1. Приходи од продажба и останати приходи*

Друштвото ги евидентира приходите од продажба на производи стоки и услуго во моментот на нивната испорака или услугите се извршени на своите клиенти. Приходите се евидентираат со примена на принципот на фактичност на настаните, односно во моментот на нивното настанување.

### *3.2. Недвишности, постројки и опрема*

Во согласност со важечките сметководствени прописи на Р.Македонија до 1 јануари 2005 година, недвижностите, постројките и опремата на Друштвото биле искажани по набавна вредност зголемена за ревалоризација, која била пресметувана со примена на званично објавени коефициенти на пораст на индекси на производи на мало кои се применети врз првобитната набавна или ревалоризирана вредност и врз исправката на вредност, а нето ефектот е вклучуван во износот на ревалоризационите резерви на друштвото.

Набавките на недвижностите,постројките и опремата во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на недвижностите,постројките и опремата се состои од фактурната вредност на набавените недвижностите,постројките и опремата зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба во согласност со МСС16 – Недвижности, постројки и опрема.

Дополнителните вложувања во недвижности, постројки и опрема кои имаат за цел продолжување на корисниот век на употреба или зголемување на нивниот капацитет, ја зголемуваат сметководствената вредност на средствата.



Позитивната разлика настаната при продажба на недвижностите,постројките и опремата се евидентира во корист на капитална добивка, а негативната разлика се книжи на товар на капитална загуба. Неотпишаната вредност на отуѓените и расходувани недвижностите,постројките и опремата се евидентира на товар на вонредните, односно останатите расходи.

Амортизацијата на недвижностите,постројките и опремата се пресметува според проценетиот век на употреба на основните средства, по стапки кои не се повисоки од пропишаните во Номенклатурата на средствата за амортизација. Набавната или ревалоризирана вредност на недвижностите,постројките и опремата се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Амортизација не се пресметува на земјиштето, шумите и инвестициите во тек.

Пропишаните стапки на амортизацијата за недвижностите,постројките и опремата што ги поседува АГРОПЛОД АД - Ресен се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1 - 2.5% |
| Опрема | 5 - 7% |
| Транспортни средства | 16 - 25% |
| Канцелариски мебел | 25% |

Кога амортизираните средства се ставаат вон употреба, или на било кој начин се отуѓуваат, набавна вредност и исправката на вредноста се искажуваат од соодветните сметки. Приходите или трошоците остварени со отуѓувањата се евидентираат како останати приходи или оперативни трошоци, соодветно.

### *3.3. Залихи*

Залихите се вреднуваат според пониската од набавната врдност и нето продажната вредност. Набавната вредноста ги вклучува сите трошоци за доведување на залихите во нивната сегашна состојба и локација. Нето реализираната вредност вклучува продажна цена, намалена за трошоците приготвување на залихите за продажба.

Потрошокот на залихите се искажува како трошок во периодот во кој настанале соодветните приходи, пресметани според метадата на просечни цени. Отписот на залихите се врши на товар на расходите.

### *3.4. Побарувања од продажба*

Побарувањата по основ на продажба се прикажани по нивната номинална вредност, зголемени за каматите во согласност со склучениот договор.

Побарувањата искажани во девизи се пресметуваат според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на билансот на состојба.



Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува во период на осознавање за неможноста за наплата на дел или целото побарување од должникот. Проценката за неможноста за наплата на побарувањата се спроведува секогаш кога побарувањето не е наплатено во договорениот рок, а најдоцна на денот на составување на билансот на состојба. Намалувањето на вредноста на побарувањето се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација.

### *3.5. Долгорочни вложувања*

Долгорочните вложувања вклучуваат вложувања во подружници, вложувања во акции во банки и други друштва. Долгорочните вложувања во почетокот се признаваат по набавна вредност, вклучувајќи ги и трошоците за трансакцијата. На датумот на известување вредноста на долгорочните вложувања во банки се проценети по и пазарната вредност и имаат третман на вложувања наменети за продажба. Класификацијата зависи од целта за која се извршени вложувањата. Раководството ги класифицира своите вложувања во моментот на иницијалното признавање и врши повторна проценка на класификацијата на секој пресметковен датум. Објективните вредности на котираните вложувања се базираат на тековните цени на котација. Доколку пазарот на некое финансиско вложување не е активен, Друштвото утврдува објективна вредност по пат на употреба на техника на проценка.

Финансиските средства расположливи за продажба се оние средства, кои се класифицирани во оваа категорија или оние што не се класифицирани во ниту една категорија. Тие се вклучени во нетековни средства освен ако раководството нема намера да ги отуѓи вложувањата во рок од 12 месеци од датумот на билансирање.

Приходите и расходите од извршените усогласувања се признаваат во билансот на успех.

### *3.6. Парични средства*

Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат во билансот на состојбата по номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, истите се состојат од готовина во благајна и парични средства на сметки во банки.

### *3.7. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики*

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Македонија на денот на билансот на состојбата. Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од останатите приходи или расходи.

### *3.8. Обврски спрема добавувачи*

Обврските спрема добавувачи се искажуваат во висина на номиналната износи што произлегуваат од деловни трансакции. Обврските спрема добавувачи се отпишуваат по истекот на рокот на застареност или со вонпроцесно поравнување, на товар на вонредните приходи.

### *3.9. Долгорочни обврски*

Обврските кон други друштва, обврските по основ на заеми, обврските кон кредитните институции се искажуваат по номинална вредност зголемени за каматата согласно склучениот договор.

Обврските искажани во девизи се пресметуваат по средниот курс на народна банка на Република Македонија на денот на билансот на состојба.

### *3.10. Капитал*

Основна главнина

Основната главнина на Друштвото ги опфаќа уплатените средства од страна на акционерите на Друштвото. Основната главнина може да се користи за покривање на загубата, доколку резервите не се доволни за тоа. Основната главнина се признава во висина на номиналната вредноста на издадените акции.

### *3.11. Користи за вработените*

Друштвото има пензиски планови согласно домашната регулатива за социјално осигурување според која плаќа придонеси за пензиско осигурување на своите вработени. Придонесите, врз основа на платите, се плаќаат на

државниот фонд Пензиски фонд кој е одговорен за исплата на пензиите. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.



### *3.12. Даноци и придонеси*

Добивката пред одданочување утврдена според одредбите од Законот за данок од добивка, се корегира за одредени приходи, расходи и инвестиции. Стапката на данокот од добивка во Република Македонија изнесува 12% (2006 15%).

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на домашен пазар | 8.851 | 171.943 |
| Приходи од продажба на странски пазар | 126.495 | 157.354 |
| Приходи од продажба на материјали | 10.519 | 31.406 |
| **Вкупно** | **145.865** | **360.703** |

## 5. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Приходи од наемнини | 15.451 | 10.411 |
| Приходи од вложувања | 21.814 | 43 |
| Приходи од субвенции | 423 | 727 |
| Приходи од отпис на обврски | - | 4.921 |
| Приходи од продажба на основни средства | 1.127 | 559 |
| Приходи од минати години | 1.473 | 114 |
| Приходи од наплата на отпишани побарув. | 5.033 | 71 |
| Вонредни приходи | - | 11.064 |
| Останати приходи од продажба | 3.360 | 2.086 |
| **Вкупно** | **48.681** | **29.996** |

## 6. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Материјали | 119 | 52.875 |
| Отпис на ситен инвентар | 34 | 27.249 |
| Потрошени резервни делови | 7 | 1.479 |
| **Вкупно** | **160** | **81.603** |

## АГРОПЛОД АД Ресен

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 7. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Трошоци за енергија | 2.967 | 20.540 |
| Транспортни трошоци | 3.547 | 6.508 |
| Услуги за одржување | 480 | 2.973 |
| Трошои за промоција пропагнда и реклама | 444 | 2.664 |
| Премии за осигурување | 1.134 | 2.668 |
| Дневници за службени патувања | 1.042 | 2.035 |
| Отпис на побарувања | 112 | 210 |
| Капитална загуба | 1.105 | 52 |
| Банкарски услуги | 269 | 522 |
| Останато | 7.216 | 27.571 |
| **Вкупно** | **18.316** | **65.743** |

### 8. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 2 | 105 |
| Приходи од курсни разлики | 398 | 4.188 |
| **Вкупно** | **400** | **4.293** |

### 9. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Расходи од камати | 7.252 | 5.620 |
| Приходи од курсни разлики | 19 | 319 |
| **Вкупно** | **7.271** | **5.939** |

## 10. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Ревалоризираната набавна вредност на основните средства и нивната исправка на вредноста на ден 31 декември 2007 година се како што следи:

### АГРОПЛОД АД Ресен

### БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

| **во илјади денари** | **Земјиште гр.објекти и шуми** | **Опрема** | **Насади** | **Други средства** | **Средства во подго.** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба 1.01.2007** | **795.614** | **222.349** | **15.426** | **7.526** | **23.035** | **1.063.950** |
| Директни набавки | 929 | 74 | | | 8.524 | **9.527** |
| Пренос од инвестиции | 14.357 | 600 | | | -16.561 | **-1.604** |
| Влог во Преспа Турист | -23.114 | | | | | **-23.114** |
| Влог во Аграр | -12.266 | | | | | **-12.266** |
| Расход/продажба | -1.637 | -9.872 | | | -510 | **-12.019** |
| Прекнижување | 6.942 | 584 | | -7.526 | | **0** |
| **Состојба на 31.12.2007** | **780.825** | **213.735** | **15.426** | **0** | **14.488** | **1.024.474** |
| **Исправка на вредност** | | | | | | |
| **Состојба на 1.01.2007** | **531.217** | **186.747** | **7.923** | **7.197** | | **733.084** |
| Амортизација | 9.644 | 9.207 | 735 | | | **19.586** |
| Влог во Преспа Турист | -8210 | | | | | **-8.210** |
| Влог во Аграр | -6497 | | | | | **-6.497** |
| Расход | -862 | -9.559 | | | | **-10.421** |
| Прекнижување | 7152 | 45 | | -7.197 | | **0** |
| **Состојба на 31.12.2007** | **532.444** | **186.440** | **8.658** | **0** | | **727.542** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ 31 ДЕКЕМВРИ 2007** | **248.381** | **27.295** | **6.768** | **0** | **14.488** | **296.932** |

| во илјади денари | Земјиште гр.објекти и шуми | Опрема | Насади | Други средства | Средства во подго. | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба 1.01.2006** | **1.304.618** | **295.534** | **14.693** | **18.087** | **18.891** | **1.651.823** |
| Директни набавки | 1.690 | 109 | | | 8.349 | **10.148** |
| Пренос од инвестиции | 3.890 | 315 | | | -4.205 | **0** |
| Влог во Свислион | -295.451 | -69.144 | | | | **-364.595** |
| Проценка | -218.531 | -2.060 | 733 | -10.518 | | **-230.376** |
| Прекнижување | -602 | -2.405 | | -43 | | **-3.050** |
| **Состојба на 31.12.2006** | **795.614** | **222.349** | **15.426** | **7.526** | **23.035** | **1.063.950** |
| | | | | | | |
| **Исправка на вредност** | | | | | | |
| **Состојба на 1.01.2006** | **668.719** | **226.486** | **7.188** | **6.999** | | **909.392** |
| Амортизација | 10.527 | 9.929 | 735 | 243 | | **21.434** |
| Аморт. на вложени средства | 2206 | 1.023 | | | | **3.229** |
| Влог во Свислион | -150235 | -48.134 | | | | **-198.369** |
| Расход | | -2.557 | | -45 | | |
| **Состојба на 31.12.2006** | **531.217** | **186.747** | **7.923** | **7.197** | | **733.084** |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ 31 ДЕКЕМВРИ 2006** | **264.397** | **35.602** | **7.503** | **329** | **23.035** | **330.866** |

Во месец мај 2006 дел од градежните објекти со набавна вредност од 295.451 илјади денари и исправка на вредност од 150.235 илјади денари и дел од опремата со набавна вредност на денот на вложувата во износ од 69.144 илјади денари и исправка на вредност од 48.134 илјади денари, употребен се како основачки влог при докапитализација во друштвото СВИССЛИОН-АГРОПЛОД. Со состојба 31 декември 2006 година извршена е проценка на средствата и обврските на Друштвото од страна на независни проценители.

**АГРОПЛОД АД Ресен**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

## 11. ВЛОУЖВАЊА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Вложувања во подружници** | **4.117** | **4.117** |
| Агроплод - Загреб | 166 | 166 |
| Агроплод - Белград | 847 | 847 |
| Агроплод - Сараево | 2.383 | 2.383 |
| Агроплод - Љубљана | 721 | 721 |
| **Вложувања во придружени претпријатија** | | |
| Свислион Аграр Доо Ресен | 8.386 | |
| Преспа Турист Доо | 4.859 | |
| Свислион-Агроплод | 128.212 | 128.212 |
| | **145.574** | **132.329** |
| Вложувања во банки | 8.034 | 8.034 |
| Вложувања во претпријатија | 3.063 | 3.063 |
| Исправа на вредност | -3.704 | -2.767 |
| **ВКУПНО ДОЛГОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА** | **152.967** | **140.659** |

Во текот на 2007 година извршено е вложување во две друштва, Свислион Аграр Доо Ресен и Преспа Турист, во износ од 13.245 илјади денари. Влогот

на Агроплод кој се состои во средства, дел градежни објекти и дел опрема е пренесен со проценка извршена од независни проценители.

Вложувањата во банки во износ од 8.034 илјади денари (2006 8.034 илјади ден.), а се однесуваат на вложувања во ТТК Банка И Охридска Банка АД – Охрид не се проценети по и пазарната вредноста на последниот ден на тргување на официјалниот Пазар на Македонската берза во износ од 1.075 илјади денари.

Според извештајот од Централниот Депозитара за Хартии од Вредност, Агроплод АД – Ресен е во сопственост на 20 акции од Комерцијална Банка АД – Скопје кои не се евидентирани во евиденциите на друштвото. Пазарната вредноста на акциите на 31 Декември 2007 година изнесува 138 илјади денари.

## 12. ЗАЛИХИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Суровини | 8.137 | 19.097 |
| Производство | | 11.298 |
| Стоки на склад | 331 | 403 |
| | 8.468 | 30.798 |
| Минус - Исправка на вредност | -5.813 | -16.847 |
| **Вкупно** | **2.655** | **13.951** |



## 13. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Побарува од вработените | 592 | 1.564 |
| ДДВ | 142 | 1.742 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 13.133 | |
| Останато | 1.144 | 724 |
| **Вкупно** | **15.011** | **4.030** |

## 14. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачите во земјата | 30.422 | 52.426 |
| Побарувања од купувачите од странство | 65.980 | 65.601 |
| | 96.402 | 118.027 |
| Минус - Исправка на вредност | -46.962 | -47.196 |
| **Вкупно** | **49.440** | **70.831** |

## 15. ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Побарува за аванси во земјата | 1.207 | 773 |
| **Вкупно** | **1.207** | **773** |

## 16. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 81 | 634 |
| Денарска благајна | 52 | 36 |
| Девизна благајна | 25 | 147 |
| Девизни сметки | 45 | 746 |
| Чекови | - | 42 |
| **Вкупно** | **203** | **1.605** |



## 17. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 74.286 | 94.168 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 524 | 3.120 |
| Обврски за нефактурирани стоки | 397 | 1.715 |
| **Вкупно** | **75.207** | **99.003** |

## 18. ОБВРСКИ ЗА ПРИМЕНИ АВАНСИ

| **во илјади денари** | **2007** | **2006** |
|---|---|---|
| Обврски за аванси во денари | 732 | 1.172 |
| **Вкупно** | **732** | **1.172** |

## 19. ОБВРСКИ ПО КРАТКОРОЧНИ КРЕДИТИ

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Кјуби Македонија | - | 119 |
| Охридска банка АД - Охрид | 42.205 | 42.474 |
| Стопанска банка АД - Битола | 4.000 | 4.000 |
| Вестпак | - | 4.282 |
| Министерство за наука | - | 240 |
| **Вкупно** | **46.205** | **51.115** |

## 20. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Обврски по основ учество во резултатот | 1.397 | 1.397 |
| Обврски за даноци, придонеси и ДДВ | 4 | 2.949 |
| Обврски за бруто плати | 492 | 953 |
| Разни краткорочни обврски | 57 | 325 |
| **Вкупно** | **1.950** | **5.624** |

**АГРОПЛОД АД Ресен**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

## 21. ОБВРСКИ ПО ДОЛГОРОЧНИ КРЕДИТИ

| во илјади денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| Стопанска банка АД - Скопје | 1.150 | 1.527 |
| Кредити правни лица(Еуролизинг) | - | 327 |
| Министерство за развој/ПХАРЕ | 7.222 | 7.222 |
| **Вкупно** | **8.372** | **9.076** |

## 22. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

| | 2007 | 2006 | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|---|
| | **Бр.на акции** | **Бр.на акции** | **Ден.000** | **Ден.000** |
| Обични акции | 20.079 | 20.079 | 628.303 | 628.303 |
| Приоритетни акции | 946 | 946 | 29.601 | 29.601 |
| **Вкупно** | **21.025** | **21.025** | **657.904** | **657.904** |

Акционерскиот капитал на Друштвото преставува номиниран капитал кој се формира со издавање на хартии од вредноста. Со состојба на 31.Декември 2007 и 2006 година, Друштвото има издадено 20.079 обични акции и 946 приоритетни акции.

Номиналната вредноста на една акција изнесува 511,3 ЕУР.

Согласно барањата на законските прописи, процентата вредноста на капиталот утврдена при првата емисија на акции од страна на Друштвото не се евидентирала во сметководствената евиденција поради што постои неусогласеност помеѓу вкупната номинална вредноста на акционерскиот капитал регистриран во Централниот Депозитар за Хартии од Вредност (ЦДХВ) и неговиот сметководствен износ. Износот на разликата е 225.059 илјади денари.

Структурата на акционерскиот капитал со состојба на ден 31 Декември 2007 година според евиденцијата на ЦДХВ и сметководствената евиденција е како што следи:



| | **Број на акции** | **% на Учество** | **Ном.вредност Ден.000** | **Сметков. Износ Ден.000** | **Разлика Ден.000** |
|---|---|---|---|---|---|
| Свислион Доо Увоз-Извоз | 11.715 | 55.72% | 366.581 | 491.987 | 125.406 |
| Ѓорѓи Китановски | 6.612 | 31.44% | 206.845 | 277.604 | 70.759 |
| Трпе Трпески | 1.082 | 5.46% | 35.922 | 48.209 | 12.287 |
| ПИОМ | 946 | 4.49% | 29.540 | 39.645 | 10.105 |
| Останати | 670 | 2.89% | 19.016 | 25.518 | 6.502 |
| **Вкупно** | **21.025** | **100,00%** | **657.904** | **882.963** | **225.059** |

## 23. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ И КОЕФИЦИЕНТИ НА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА

Званичните девизни курсеви користени при прикажување на билансните позиции деноминирани во странска валута, на ден 31 декември се следните:

| во денари | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| УСД | 41.66 | 46.45 |
| ЕУР | 61.20 | 61.17 |
| ЦХФ | 36.86 | 38.07 |

## 24. НЕИЗВЕСНИ И ПРЕВЗЕМЕНИ ОБВРСКИ

Различни правни процедури и побарувања можат да се појават во иднина против Друштвото како резултат на судските спорови и побарувања во редовниот тек на деловните активности. Поврзаните ризици се анализирани од веројатноста за нивна појава. Резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди.

Друштвото е тужена странка во мал број на судски постапки во вкупен износ од 11.928 илјади денари кои произлегуваат од поднесени тужби за побарувања за камати по долгови, како и утврдување на разни права согласно законите во Република Македонија. Раководството на Друштвото верува дека не постојат значајни идни обврски кои би можеле да произлезат од овие спорови.

Од друга страна, Друштвото се јавува како тужител во мал број на судски постапки во износ од 10.583 илјади денари кои произлегуваат од редовно работење на Друштвото и воглавно преставуваат тужби поради ненаплатени побарувања. Потенцијални средства не се признаваат во финансиските извештаи.



## 25. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### Девизен ризик

Друштвото во своето работење стапува во меѓународни трансакции заради набавка на материјали, опрема и стоки. Овие набавки се искажани во странски валути. Поради тоа, Друштвото е изложено на ризик поврзан со можните флуктации на странските валути. Друштвото не користи содветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија.

### Ризик од каматни стапки

Ризикот од каматните стапки преставува ризик поради кој износот на долгот по кредити на Друштвото може да се промени како резултат на промените на каматните стапки на пазарот. Обврските по кредити главно се отплатуваат по

фиксна каматна стапка, што не го изложува Друштвото на можен ризик од каматни стапки.

## 26. НАСТАНИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ПОСЛЕ ДАТУМОТ НА СОСТАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Нема значајни настани кои се случиле и би имале значаен ефект по изготвување на овие финансиските извештаи.